РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ-БАС
Бр. 01-287/01
25.12 2013 год.
СКОПЈЕ

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК
## НА БИЗНИС АКАДЕМИЈАТА СМИЛЕВСКИ
## ЗА НАСТАВНИТЕ ОБЛАСТИ ПРЕТПРИЕМАШТВО И КОНСАЛТИНГ МЕНАЏМЕНТ

Со Одлуката за формирање на Рецензиската комисија за избор на наставници во наставно звање предавач на Висока стручна школа за наставните области **Претприемаштво и Консалтинг менаџмент** дел. бр. 01-273/02-02 од 06.12.2013 определени сме за членови на Рецензиската комисија за избор на наставник во наставно звање предавач на Висока стручна школа за наставната област Оперативен менаџмент.

Со одлуката од Наставничкиот совет ги добивме документите кои беа наведени во конкурсот. По проучувањето на споменатите документи, Рецензиската комисија, во состав: проф. д-р Таип Јакупи, професор на БАС Институтот за менаџмент, Битола, доц. д-р Марија Котевска, доцент на БАС Институтот за менаџмент, Битола и виш пред. м-р Тони Соклевски, наставник на Бизнис академијата Смилевски – БАС, Скопје, има чест на Наставничкиот совет на БАС да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## I. Преглед на пријавените кандидати

На конкурсот за избор на наставници на БАС, објавен во Нова Македонија на ден 07.11.2013 година со рок за пријавување од 07.11.2013 година до 29.11.2013 за наставните области **Претприемаштво** и **Консалтинг менаџмент** се пријавија двајца кандидати кои ги исполнуваат формалните услови и тоа:

1. М-р Горазд Смилевски
2. М-р Верица Јовановска

Кандидатката м-р Верица Јовановска не е подобна за натамошна постапка за рецензирање бидејќи не ја помина хабилитационата работилница за клиентски ориентирана наставна и обучувачка работа.

Во продолжение се дава приказ и оценка на остварувањата на кандидатот м-р Горазд Смилевски.

## II. Приказ на образовниот и кариерниот развој и на другите остварувања и компетенции на кандидатот

М-р Горазд Смилевски

А) Образовен развој

Кандидатот Горазд Смилевски е роден на 27.07.1974г. во Битола. Основно образование завршува во О.У. „Вера Јоциќ" во Скопје, средно образование завршува во УСО „Раде Јовчевси Корчагин" во Скопје. Во 2002 година дипломира на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" на катедрата за Англиски јазик и книжевност и се стекнува со звањето Професор по англиски и албански јазик. Звањето Магистер по менаџмент на човечки ресурси го стекнува на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања во 2013 година со одбрана на темата „Професионализација на менаџментотот во малите претпријатија."

Во периодот од октомври 2002, до ноември 2003 година, кандидатот Горазд Смилевски ја завршува екстензивната „Програма за развој на академските капацитети во полето на Претприемаштвото" организирана од СЕЕД и ИФЦ и Светска Банка, спроведена од ИСТУД, Торино и се стекнува со соодветен меѓународен сертификат.

Б) Кариерен развој

- 1991-1997 – ДЕТРА Центар, Скопје – Фанскул: Раководител/Наставник по компјутерска писменост и англиски јазик.
- 1997-2007 – ДЕТРА Центар, Скопје – Оперативен менаџер/Консултант за организациски промени/Обучувач.
- 2007-денес– Бизнис академија Смилевски – БАС, Кооснована/Генерален менаџер

В) Авторски остварувања

1. Стручен труд: „Теренската студентска практика како клуч за вработливоста на идните професионалци", III Нучно-стручен собир со меѓународно учество, МНД Битола, 09.12.2011г., ISBN 978-608-4616-24-5.
2. Стручен труд: „Кооперативната конкурентност и подобрувањето на изведбата на тимот", I Меѓународна научна конференција, Бизнис академија Смилевски – БАС, Современите менаџерски предизвици и организациските науки, Битола, 2012. ISBN 978-608-4690-01-6;
3. Стручен труд: „Broadening USAID's HICD Model with complementarities of the SCITOC Methodology", 10$^{th}$ ISPI EMEA Conference, Lisbon, Portugal, 2012.

## III. Заклучок и предлог на рецензиската комисија

Врз основа на приказот на образовниот и кариерниот развој на кандидатот и неговите авторски остварувања, Комисијата процени дека кандидатот има богато искуство за областа за која аплицирал, способност за обучувачка и наставна работа и објавени стручни трудови. Според ова, Рецензиската комисија констатира дека *кандидатот ги исполнува условите за избор во наставно звање предавач на висока стручна школа во наставните области по Претприемаштво и Консалтинг менаџмент.* Затоа Рецензиската комисија со задоволство му предлага на Наставничкиот совет на БАС кандидатот м-р Горазд Смилевски да го избере во наставното звање **предавач на висока стручна школа** во наставните области по **Претприемаштво и Консалтинг менаџмент**.

РЕЦЕНЗИСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Таип Јакупи

2. Доц. д-р Марија Котевска Димовска

3. Виш пред. м-р Тони Соклевски